ADING

# АНТИКОРОЗИН-С

*Антикорозивен премаз на цементна основа за заштита на бетонски и челични површини при зголемено присуство на сол*

## Област на примена:

За корозивна заштита на нови, бетонски, армирано-бетонски и челични елементи или конструкции, во средини каде што има зголемено присуство на сол: мостови, силоси, тунели, потпорни ѕидови, оџаци, фасадни елементи, фасади, солани, објекти во приморските области и сл.

## Својства:

- Сива прашкаста смеса;
- Постојан на сол (NaCl) и 5% раствор на соли;
- Одлична адхезија за подлога;
- Спречува процес на карбонитизација;
- Водонепропустлив;
- Паропропустлив;
- Нетоксичен;
- Едноставна изведба, бактериолошки отпорен;
- Постојан на мраз и други атмосферски агресии;
- Лесен за одржување;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Волуменска тежина: | 1,4 гр/см$^3$ |
| Време на сушење при 20ºC: | 60 мин. |
| Време на зацврснување при 20ºC: | 120 мин. |
| Прионливост: | Степен - 1 |
| Нанесување на следен нанос при 20ºC: | 12-24 часа |

## Подготовка на подлогата:

Антикорозин-С се нанесува на бетонска или челична подлога. Подлогата треба да биде здрава, обезмастена, обеспрашена и чиста. Бетонската подлога треба да е натопена со вода до заситување. Температурата на подлогата при нанесување треба да е од 5Cº до 35Cº.

## Вградување:

На сувата смеса и се додава вода во дадениот тежински однос означен на амбалажата и се меша со бавен мешач (300-500 вртежи во мин.), до потполна хомогенизација. Приготвената смеса се остава да одлежи 20 мин. и повторно се промешува пред вградување. За добивање на квалитетен заштитен нанос, Антикорозин-С треба да се нанесе во правилна сувослојна дебелина.
Вградувањето се врши со четка, јарец или машински, со распрскување, во три слоја.
Со нанесувањето на првиот слој треба да се добие уедначен нанос со сувослојна дебелина од 150µ-200µ. Првиот нанос се остава да исуши за да се нанесе наредниот. Тоа време обично изнесува 12ч. при суво време и температура од 30ºC.
Вториот нанос се нанесува во нормален правец (90º) во однос на првиот нанос, за да се добие уедначен заштитен слој. Сувослојната дебелина и на вториот нанос треба да изнесува 150µ-200µ.
При нанесување на третиот нанос во потполност се повторува постапката од вториот нанос.
При нанесување на Антикорозин-С, третираните површини треба да бидат заштитени од врнежи и силен провев.

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ

## Потрошувачка:

За три слоја 1,60 до 1,80 кг/м².

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во натрон вреќи од 30 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце.
Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар:
Антикорозин-С е незапалив
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Антикорозин-С се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.


Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*